ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# П Р Е Д Л О Г  НА  З А К О Н

# ЗА  ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК,

# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
Примено / Pranuar: 12. 06. 2025
| Организациона единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 3369/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Никола Мицевски
Bekim Qoku
[illegible]
Ѓорѓија Сајкоски
Оливер Спасовски
Бојан Стојаноски



2

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со изборниот законик се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија, изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија , членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за изборот на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје. Исто така со Изборниот законик се уредува начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водењето на Избирачкиот список, определувањето на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Предложеното законско решение е во насока на подобрување на изборниот процес и обезбедување на еднакво, демократско и слободно избирачко право, како и постапување по препораките на Мисија за набљудување на избори за претседателските избори на 24 април, како и за парламентарните избори на 8 мај 2024 година и истовремениот втор круг од претседателските избори на ОДИХР.

Преку предложените законски измени се имплементираат дел препораките од Конечниот извештај на Мисијата на ОДИХР за набљудување на избори.

Во однос на препораката за да се преиспита практиката државното финансирање да се исплаќа директно на медиумите. Доколку се задржи, за да се зголеми отчетноста и транспарентноста, законодавството треба да воспостави јасни и објективни критериуми за подобноста на информативните онлајн портали за државно рефундирање на платеното политичко рекламирање, овие законски измени и дополнувања предвидуваат усогласување со одредбите од Законот за медиуми во однос на интернет порталите. Препораката која предвидува за да се обезбеди тајноста на гласот, треба да се ревидираат правните критериуми за утврдување на избирачките места. Особено, избирачките места со помалку од десет гласачи треба да се спојат со блиските избирачки места и нивните гласачки ливчиња заедно, целосно се имплементира во Изборниот законик преку овие измени и дополнувања.

Исто така со овие предлог измени и дополнувања на Изборниот законик се постапува по решението на Уставниот суд со кое беа укинати одредбите со кои се регулираше бројот на потребни потписи за поднесување на листа за кандидати од страна на група избирачи и се предлагаат два нови членови кои ја уредуваат оваа проблематика. Со овие измени и дополнувања се олеснува функционирањето на изборните органи и се предвидуваат формирање на нови избирачки места во оние избирачки места кои го надминуваат законскиот максимум од 1000 избирачи.

Се врши и усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Законот чие донесување се предлага, се заснова на истите начела на кои е заснован и основниот текст на Изборниот законик. Целта на предлог законот е да се допрецизира постојната правна рамка како и да се доуредат одредбите од постојното законско решение во насока на транспарентен и инклузивен изборен процес за сите учесници во изборите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот не предизвикува финансиски последици врз Буџетот и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог законот не е потребно обезбедување финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на законот за изменување и дополнување на Изборниот законик да се разгледа по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 127/2006, 136/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), во членот 2 став 1 по точка 26 се додава нова точка 26-а која гласи:

„26-а. „Електронски медиуми (интернет портали)“ се онлајн медиуми – интернет портали кои се регистрирани во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет портали кој го води надлежно регулаторно тело.“.

Член 2

Во член 25 ставот (1) се менува и гласи:

„Собранието, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерство за јавна администрација, Министерството за дигитална трансформација, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Државниот завод за статистика и Службата за општи и заеднички работи на Владата и нивните подрачни единици, како и општините и градот Скопје и други министерства, државни институции и органи се должни на органите за спроведување на изборите да им обезбедат технички, просторни, транспортни и други услови за работа.“.

Член 3

Во членот 40 став (2) по точката 7) се додава нова точка 8) која гласи:

„8) го носи избирачкиот материјал од општинската изборна комисија во избирачкото место и обратно, за што може да им се определи соодветен надоместок утврден со акт на Државната изборна комисија.“.

Член 4

Во член 44 став (2) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерство за социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

По членот 60 се додаваат два нови наслови и два нови члена 60-а и 60-б, кои гласат:

„Подносител на листа на кандидати за пратеници со собрани потписи

Член 60-а

(1) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.

(2) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на ДКП, односно конзуларните канцеларии на образец пропишан од Државната изборна комисија.

Подносител на листа на кандидати за членови на совет и градоначалник со собрани потписи

Член 60-б

Кога подносител на листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник е група избирачи, е потребно да се соберат:

- во општината до 10.000 избирачи најмалку 100 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 10.001 до 20.000 избирачи најмалку 200 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 20.001 до 30.000 избирачи најмалку 300 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 30.001 до 40.000 избирачи најмалку 400 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 40.001 до 50.000 избирачи најмалку 500 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 50.001 до 60.000 избирачи најмалку 600 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 60.001 до 70.000 избирачи најмалку 700 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 70.001 до 80.000 избирачи најмалку 800 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината од 80.001 до 90.000 избирачи најмалку 900 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,
- во општината над 90.001 избирачи најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината и

- во градот Скопје најмалку 3.500 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список на подрачјето на градот Скопје.“.

Член 6

Во членот 88 став (4) зборовите: „и со нив располага општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје“ се бришат.

Во став (5) по зборовите: „Буџетот Република Македонија“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласи:

„(6) Средствата од ставот (5) на овој член се исплаќаат на посебна наменска сметка на општината и со истите располага и ги користи општината согласно со закон.

(7) Сметката од ставот (6) се отвара веднаш, но не подоцна од 5 дена по распишување на изборите, а се затвара во рок од 45 дена по завршување на изборниот процес. Средствата кои нема да бидат искористени се враќаат во Буџетот на Република Македонија.“.

Член 7

Во членот 111-а став (2) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерство за социјална политика, демографија и млади“.

Член 8

Во членот 165 по став (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Во населено место во кое живеат помалку од десет избирачи истите се запишуваат во избирачкиот список во најблиското избирачко место.“.

Член 9

Во членот 166 во став (1) по зборовите: „селските населби“ се додаваат зборовите: „освен во случаите од член 165 став (4)“.

Член 10

Во членот 175 став (1) дел „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 1“ по зборовите: „Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2682/1 до 2684/1“ се додаваат зборовите: „Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2684/2 до 2684/2“ и зборовите: „Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2711/1 до 2711/1“, зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2433/1 до 2435/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2433/1 до 2437/1“, зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2438/1 до 2438/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2438/1 до 2439/1“, зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2447/1 до 2447/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2446/1 до 2447/1“, зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2451/1 до 2452/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина САРАЈ Избирачки места од 2450/1 до 2452/1“.

Во дел „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 2“ по зборовите: „Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2560/1 до 2560/1“ се додаваат зборовите: „Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2567/1 до 2567/1“, по зборовите: „Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2914/1 до

2915/1“ се додаваат зборовите: „Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2915/2 до 2915/2“, по зборовите: „Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2950/1 до 2951/1“ се додаваат зборовите: „Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2953/1 до 2954/1“, по зборовите: „Општина АРАЧИНОВО Избирачки места од 2333/1 до 2337/1“ се додаваат зборовите: „Општина АРАЧИНОВО Избирачки места од 2340/1 до 2340/1“, по зборовите: „Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1111/1 до 1113/1“ се додаваат зборовите: „Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1115/1 до 1115/1“ и „Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1117/1 до 1117/1“, по зборовите: „Општина ЧУЧЕР – САНДЕВО Избирачки места од 2462 до 2475“ се додаваат зборовите: „Општина ЧУЧЕР – САНДЕВО Избирачки места од 2470/1 до 2471/1“ и „Општина ЧУЧЕР – САНДЕВО Избирачки места од 2473/1 до 2473/1“ .

Во дел „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 3“ по зборовите: „Општина ВИНИЦА Избирачки места од 0303 до 0332“ се додаваат зборовите: „Општина ВИНИЦА Избирачки места од 0304/1 до 0304/1“, а зборовите: „Општина ПЕТРОВЕЦ Избирачки места од 2382/1 до 2382/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина ПЕТРОВЕЦ Избирачки места од 2381/1 до 2383/1“.

Во дел „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 4“ по зборовите: „Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1392/1 до 1392/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1391/1 до 1392/1“ и се додаваат зборовите: „Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1494/1 до 1494/1“.

Во дел „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 5“ по зборовите: „Општина ДЕБАР Избирачки места од 0549 до 0554“ се додаваат зборовите: „Општина ДЕБАР Избирачки места од 0553/1 до 0553/1“, по зборовите: „Општина ЦЕНТАР ЖУПА Избирачки места од 0562/1 до 0562/1“ се додаваат зборовите: Општина ЦЕНТАР ЖУПА Избирачки места од 0569/1 до 0569/1, а зборовите: „Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0736/1 до 0739/1“, се заменуваат со зборовите: „Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0736/1 до 0740/1“.

Во дел „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 6“ по зборовите: „Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2050/1 до 2050/1“ се додаваат зборовите: „Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2052/1 до 2052/1“ и „Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2056/1 до 2057/1“, а зборовите: „Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2065/1 до 2065/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2065/1 до 2066/1“, по зборовите: „Општина БРВЕНИЦА Избирачки места од 2036/1 до 2040/1“ се додаваат зборовите: „Општина БРВЕНИЦА Избирачки места од 2042/1 до 2042/1“, зборовите: „Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0444/1 до 0445/1 “ се заменуваат со зборовите: „Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0443/1 до 0445/1“, зборовите: „Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2090/1 до 2091/1“ се заменуваат со зборовите: „Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2090/1 до 2092/1“ ,и се додаваат зборовите: „Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2095/1 до 2096/1“, по зборовите: „Општина ЈЕГУНОВЦЕ Избирачки места од 2115 до 2134“ се додаваат зборовите: „Општина ЈЕГУНОВЦЕ Избирачки места од 2121/1 до 2121/1“, зборовите: „Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0816/1 до 0817/1“ се

заменуваат со зборовите: „Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0814/1 до 0817/1“, по зборовите: „Општина ТЕАРЦЕ Избирачки места од 2007 до 2031“ се додаваат зборовите: „Општина ТЕАРЦЕ Избирачки места од 2018/1 до 2019/1, а по зборовите: „Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1981/1 до 1981/1“ се додаваат зборовите: „Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1984/1 до 1985/1“ и „Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1987/1 до 1988/1“.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА

ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со членот 1 од предлог законот се додава нова точка во членот 2 од поимникот на Изборниот законик со која се дефинираат интернет порталите согласно со Законот за медиуми.

Со членот 2 се врши усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со членот 3 се додава нова точка 8) во член 40 став 2) со која се доуредува одредбата.

Со членот 4 се врши усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со членот 5 се додаваат два нови наслови и два нови члена 60-а и 60-б со кои се уредува Подносител на листа на кандидати за пратеници со собрани потписи и Подносител на листа на кандидати за членови на совет и градоначалник со собрани потписи.

Со членот 6 се доуредува одредбата за средства за спроведување на изборите.

Со членот 7 се врши усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со членот 8 се уредува дека во населено место во кое живеат помалку од десет избирачи истите се запишуваат во избирачкиот список во најблиското избирачко место.

Со членот 9 се прави усогласување со членот 8 од Предлог законот.

Со членот 10 додаваат нови избирачки места согласно со член 165 став (2) од Законикот во кој е уредено „Бројот на избирачи кои гласаат на избирачкото место не може да биде поголем од 1.000 избирачи“.

Со членот 11 е регулирано влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените законски измени се меѓусебно поврзани со сочинуваат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложното законско решение ќе се обезбеди јасен, транспарентен и инклузивен изборен процес и ќе се надминат воочените недоследности преку зајакнување на правната рамка.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНОНИК КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

1. Поимник
Член 2

Определени поими во овој законик го имаат следново значење:

1. "Избирачко право" има секој државјанин на Република Македонија со наполнети 18 години живот и деловно способен;

2. "Избирачкиот список" е јавна исправа во која се запишани граѓаните со избирачко право;

3. "Изборни органи" се органите надлежни за спроведување на изборите утврдени со овој законик;

4. "Член на изборен орган " се претседателот, члeновите и нивните заменици кои ги сочинуваат изборните органи и ги спроведуваат изборните дејствија;

5. "Подносител на листа" се регистрираните политички партии или нивни коалиции регистрирани во Државната изборна комисија, група избирачи и пратеници;

6. "Кандидат" е државјанин на Република Македонија утврден од надлежната изборна комисија во согласност со овој законик, за кој ќе се гласа на избори;

7. "Независен кандидат" е кандидат за избор на претседател на Републиката, пратеник, градоначалник или член на совет кој е поддржан од "група избирачи";

8. "Политичка партија" е регистрирана политичка партија во согласност со закон;

9. "Позицијата" ја сочинуваат политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

10. "Опозицијата" ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

11. "Овластен претставник" е лице ополномоштено од еден регистриран кандидат, политичка партија или коалиција за застапување на нивните интереси пред изборните органи;

12. "Коалиција" е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори;

13. “Изборна кампања“ е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори;

14. “Учесник во изборна кампања“ е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања;

15. “Набљудувачи“ се претставници на домашни и странски регистрирани здруженија на граѓани кои имаат овластување од Државната изборна комисија за набљудување на изборите;

16. „Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија” се претставништва на Република Македонија во други држави и во меѓународни организации кои вршат работи утврдени со закон;

17. „Државјани на Република Македонија на привремена работа или престој во странство”, во смисла на овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија, а на денот на изборите привремено престојуваат во странство повеќе од три месеци или се на привремена работа или престој во странство повеќе од една година согласно со евиденцијата од надлежен орган;

18. “Вработените во јавната администрација“ ја сочинуваат категоријата на лица вработени во дејностите образование, здравство, култура, наука и социјална заштита, а кои според закон вршат задачи од јавен интерес;

19. “Вработените во државната, општинската администрација и администрацијата на градот Скопје“ ја сочинуваат категоријата на лица со статус на државен службеник во согласност со закон и

20. “Изборна администрација“ ја сочинуваат вработените во стручната служба на Државната изборна комисија, членовите на изборните органи, секретарите на општинските изборни комисии, нивните заменици и други лица времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на Државната изборна комисија.

21. “Изборен процес“ е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот;

22. “Облици на изборно медиумско претставување“ се дневно-информативните емисии, програмите што им овозможуваат директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, и посебните информативни емисии;

23. “Дневно-информативни емисии“ се сите изданија на радио и на телевизиските вести и дневници;

24. “Директен пристап до избирачите“ се облиците на бесплатно политичко претставување и на платено политичко рекламирање, преку кои учесниците во изборната кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;

25. “Бесплатно политичко претставување“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој слободно и без паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати;

26. “Платено политичко рекламирање“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати. Видови на платено политичко рекламирање се

огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на учесниците во изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на учесниците во изборната кампања;

27. “Посебни информативни програми“ се програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и за техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања: актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми и

28. “Изборно медиумско претставување“ е промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и друго на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници.

29. „Случаи на итни и неодложни работи“ се вработувањата на определно време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определено време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес.

7. Поддршка на работата на изборните органи

Член 25

(1) Собранието, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Државниот завод за статистика и Службата за општи и заеднички работи на Владата и нивните подрачни единици, како и општините и градот Скопје и други државни институции и органи се должни на органите за спроведување на изборите да им обезбедат технички, просторни и други услови за работа.

(2) За вршење на работите од ставот (1) на овој член, на органите им се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија.

10.2. Надлежност на избирачкиот одбор

Член 40

(1) Избирачкиот одбор се грижи за законито спроведување на изборите.

(2) Избирачкиот одбор:

1) непосредно го спроведува гласањето на гласачкото место;

2) обезбедува правилност и тајност на гласањето;

3) обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето;

4) го утврдува и сумира резултатот од гласањето на гласачкото место;

5) резултатите од гласањето ги објавува на самото место каде што се спроведувало гласањето и

6) изготвува извештај и води дневник за својата работа и ги доставува до општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје.

7) задолжително учествува на обуките организирани и спроведувани од ЦКЕИ.

(3) Избирачкиот одбор составува записник за работа и за сумирање на резултатите на единствен образец пропишан и потврден со печат од Државната изборна комисија и заедно со изборниот материјал го доставува до општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје.

(4) Во случаите на грешка при пополнување на записникот избирачкиот одбор постапува согласно со упатството на Државната изборна комисија.

(5) Избирачкиот одбор работите од својата надлежност ги врши во согласност со овој законик и упатствата од Државната изборна комисија.

(6) Избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии ги извршуваат работите согласно со надлежностите утврдени во овој член.

Член 44

(1) Органот надлежен за извршување на санкциите, најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, односно референдум на државно ниво доставува податоци за лицата кои се во притвор или се наоѓаат на издржување казна затвор врз основа на евиденцијата што ја води овој орган до Државната изборна комисија.

(2) Министерството за труд и социјална политика, најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, односно референдум на државно ниво, врз основа на сопствена евиденција и врз основа на доставените податоци од одговорните лица во установите за вонсемејно згрижување, до Државната изборна комисија доставуваат податоци за лицата кои се пријавиле за гласање во установи за вонсемејно згрижување.

(3) Податоците од ставовите (1) и (2) се доставуваат во електронска форма и задолжително го содржат единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ).

(4) Органот надлежен за извршување на санкциите по распишување на изборите ги повикува и им овозможува на лицата кои се во притвор или се наоѓаат на извршување казна затвор да ги обноват своите лични документи.

1. Средства за спроведување на изборите

Член 88

(1) Средствата за спроведување на изборите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

(2) Од средствата наменети за изборите две третини служат за покривање на трошоците поврзани со изборните дејствија на органите за спроведување на изборите.

(3) Една третина од средствата за спроведување на изборите служи за покривање на дел од трошоците што ги направиле учесниците во изборната кампањата чии кандидати се избрани.

(4) За спроведување на локалните избори средства се обезбедуваат од буџетот на општината и градот Скопје и со нив располага општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје, а средства за изборниот материјал се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член во случај на неможност за обезбедување на средствата за спроведување на локалните избори поради блокирана жиро-сметка од страна на општината и градот Скопје, средствата за спроведување на локалните избори се

обезбедуваат од Буџетот Република Македонија и со нив располага општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје.

Гласање во установи за вонсемејна грижа

Член 111-а

(1) Избирачите кои на денот на гласањето се згрижени во посебни установи за вонсемејна грижа, имаат право да гласаат во установата каде што се каде што се згрижени, по претходна пријава до одговорното лице на установата каде се згрижени.

(2) Одговорните лица во установите за вонсемејно згрижување, најдоцна до завршувањето на јавниот увид, ќе доставаат известување до Министерството за труд и социјална политика со податоци за избирачите кои сакаат да гласаат во установата.

(3) Даденото известување од ставот 2 на овој член се однесува и на првиот и на вториот круг на гласање.

(4) За избирачите од ставот (1) на овој член изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место или посебен избирачки одбор согласно со овој законик и упатството на Државната изборна комисија, еден ден пред денот определен за гласање, а за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето.

(5) Избирачкиот одбор за избирачите од ставот 1 на овој член ќе им се овозможи да гласаат во установата во која се згрижени еден ден пред одржувањето на изборите на начин кој се обезбедува тајноста на гласањето.

(6) Избирачкиот одбор за гласањето од ставот 4 на овој член обезбедува посебна кутија за гласање која се носи празна во установата каде што е згрижен избирачот.

(7) За гласањето од ставот 4 на овој член избирачкиот одбор составува посебни записници.

(8) Записниците и изборниот материјал по завршувањето на гласањето се доставуваат до соодветните општински изборни комисии.

Член 165

(1) Бројот на избирачите кои гласаат на избирачкото место се определува на начин со кој се овозможува гласањето да се одвива непречено во времето определено за гласање.

(2) Бројот на избирачи кои гласаат на избирачкото место не може да биде поголем од 1.000 избирачи.

(3) Избирачко место не може да се определува за населено место во кое живеат помалку од десет избирачи и во ДКП, односно конзуларните канцеларии каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање.

Член 166

(1) Избирачкото место по правило не смее да биде оддалечено повеќе од 3 км од најоддалечената адреса во градските населби и повеќе од 5 км во селските населби.

(2) Правилото утврдено во ставот (1) на овој член не се применува за избирачките места во ДКП, односно конзуларните канцеларии.

Член 175

(1) Во Република Македонија се утврдуваат седум изборни единици:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 1** | | | |
| Општина КАРПОШ | Избирачки места од | 2592 | до 2653 |
| Општина КАРПОШ | Избирачки места од | 2593/1 | до 2593/1 |
| Општина КАРПОШ | Избирачки места од | 2597/1 | до 2597/1 |
| Општина КАРПОШ | Избирачки места од | 2601/1 | до 2601/1 |
